Република Северна Македонија
НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
IN QENDRA NACIONALE E KONSERVIMIT - SHKUP
Republic of North Macedonia
NI NATIONAL CONSERVATION CENTER OF CULTURAL HERITAGE - SKOPJE

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 08-97/2
25.02 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА
## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2020 И ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО НУ НКЦ - СКОПЈЕ

**- НАРАТИВЕН ДЕЛ -**









СКОПЈЕ, февруари 2021

Adresa: “Јосиф Михајловиќ” бр.7, P.Fah. 225, 1000 - Skopje, tel: (02) 3227-240; faks (02) 3289 888;
Adresa: Rr: “Јосиф Михајловиќ” nr.7, Kutia postale 225, 1000 - Shkup, tel: (02) 3227-240; faks (02) 3289 888;
Address: “Josif Mihajlovic” br.7, P.O.Box 225, 1000-Skopje, tel. (** 389 2) 3227-240, fax:3289 888,
Web: http://www.heritage.gov.mk, email: contact@heritage.gov.mk; rzsindok@mt.net.mk

*Годишниот Извештај за работа на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје (во понатамошниот текст НКЦ) за 2020 година содржи показатели за реализација на проектите и активностите што се опфатени со Годишната програма за остварување на националниот интерес во областа на културата и се финансирани од Буџетот на РСМ, како и податоци за видот и обемот на стручните работи кои се извршени по различни основи со средства од други извори.*

Извештајот го поднесува Директорот на установата,
а го усвојува Управниот одбор на НУ НКЦ-Скопје

**СОДРЖИНА**


*ВОВЕД*

**1.0 Реализација на проекти од Годишната програма на работа - 2020**

**2.0 Стручни работи по основ на законска надлежност**

2.1 Стручна контрола на конзерваторски проекти

2.2 Конзерваторски надзор

2.3 Изработка на Елаборати за ре/валоризација и категоризација

2.4 Ревизија на Елаборати за ре/валоризација и категоризација

2.5 Изработка на заштитно-конзерваторски основи (ЗКО)

2.6 Издадени стручни мислења по различен основ

2.6.1 *во граници на плански опфати*

*2.6.2 легализација на бесправно изградени градби*

*2.6.3 заштитно-конзерваторски услови (ЗКУ) и др.*

*2.7 Стручна помош*

2.8 Вонпрограмски активности

*2.8.1 Заштитни археолошки истражувања*

**3.0 Други активности**

3.1 Учество во Работни групи/Комисии и др. работни тела

**4.0 Други работи во согласност со закон**

4.1 Нормативно-правни акти

4.2 Судски предмети

4.3 Финансиско-сметководствени работи

4.4 Општи работи

***Годишниот извештај*** за работата на ***Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје*** се поднесува за **2020 г.**, согласно **Годишниот Договор** за учество во финансирање на Програмата од национален интерес од областа на заштитата на недвижното културно наследство за 2020 год. потпишан помеѓу:

- ***Министерството за култура*** *на Република Северна Македонија (арх. бр. 32-4378/1 од 08.04.2020 г.) од една страна и*
- ***НУ Национален конзерваторски центар – Скопје,*** *матична стручна институција за заштита на недвижното културно наследство (арх. бр. 01-148/3 од 29.04.2020г.),*

Во Првиот шестмесечен извештај беше истакнато дека заради **појавата и заштита од коронавирусот (COVID -19)**, особено по прогласувањето на вонредна состојба на ниво на држава (*воведување на полициски час, донесување на рестриктивни мерки и ограничувања на движењата*), низата превентивни мерки предизвикаа ***прекинување на тековните институционални активности за подолг временски период, со цел почитување на Протоколите за лична и колективна заштита од ширењето на опасниот вирус***, *кои беа донесени со законски уредби од страна на Владата на Република С. Македонија*

*За таа цел, во институцијата се спроведе прилагодување на работата во услови на рестриктивни мерки што подразбираше интерно организирање на вработените за извршување на активностите произлезени од матичната дејност, односно од месец јули 2020г. беше воведен дефиниран распоред на ротирање на вработените лица. Истиот начин на работа продолжува да функционира и до крајот на извештајниот период.*

*Иако институцијата продолжи да ги извршува своите секојдневни и програмирани активности со ограничени можности и редуциран кадровски капацитет во текот на 2020 год., но исто така треба да се истакне дека ваквата вонредна состојба негативно се рефлектираше и во професионалното делување на градежните фирми со кои НУ НКЦ - Скопје имаше договорни оберски за реализација на конзерваторско-реставраторски работи на повеќе недвижни културни добра.*

## 1.0 РЕАЛИЗАЦИЈА Н ПРОЕКТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УСТАНОВАТА

## 1.1 КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА НА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ЦЕНТРИ

- *Координацијата на работата* во однос за реализацијата на одделни проекти и за други прашања од доменот на тековното работење со Конзерваторските центри и останати Заводи за заштита на спомениците на културата и музеи, во изминатата година се реализираше единствено преку е-маил и телефонска комуникација.

- *Заради рестриктивните мерки за заштита и безбедност при работа во услови на пандемија* не се одржани заеднички меѓуинституционални средби со физичко присуство и од тие причини беше поднесено барање до Министерството за култура за пренамена на средствата (арх. бр.05-200/3 од 25.08.2020год.), додека повратниот одговор од страна на ресорното министерство има арх. заверка во НУ НКЦ со бр.05-200/8 од 09.12.2020 год.

| | |
|---|---|
| *Одобрена пренамена* | *Изработка на Елаборат за валоризација на комплекс од пет (5) куќи на улица Јован Алабаков во Велес* |
| *Степен на реализација* | *во завршна фаза (крај на февруари 2021година)* |
| *Образложение:* | Заради задоцнетото писмено одобрување за пренамена на средствата, активностите околу изработката на Елаборатот започнаа да се реализираат во месец декември 2020 г. |
| *Одобрени средства:.* | *60.000,00 денари.* |

## 1.2 НЕПЛАНИРАНИ УВИДИ ВО СОСТОЈБАТА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КОЈА ИМА НАДЛЕЖНОСТ НУ НКЦ - Скопје

Организацијата и спроведувањето на теренските увиди во постојната состојба на недвижните културни добра се вршеше во текот на целата година (со забелешка дека во првиот шестмесечен период динамиката на реализација беше директно зависна од донесените Протоколи за заштита од корона вирусот, со пропишани рестриктивни мерки во однос на ограничувања при патувања, групирање и друг вид на заеднички собири.

| | |
|---|---|
| *Одобрени средства:.* | *150.000,00 денари.* |

Теренските увиди во постојната состојба на недвижното културно наследство во најголем обем беа извршени во втората половина од годината:

- Извршен е вонреден увид во постојната состојба, со цел изработка на стручна експертиза и **проценка на штета на опожарените објекти** –заштитени недвижни добра на **ул. „Јован Алабаков" бр. 10 и 12 во Велес**, кои претставуваат интегрален дел од комплкес од 5 куќи.

  Изработен е Извештај од извршениот увид со предлог конкретни мерки/препораки за понатамошни активности (расчистување на опожарените критично одвоени делови од ѕидови и кровна конструкција; Изработка на Елаборат за валоризација на споменичка целина и Идеен проект за реконструкција).



*Имајќи предвид дека заштитените културни добра имаат претрпено највисок степен на деструкција настаната инцидентно - од опожарување - со трајно изгубени и исчезнати главни конструктивни сегменти (кров, меѓукатни конструкции и ѕидови), даден е предлог за реконструкција на нивниот архитектонски изглед, согласно постојната техничка и фото документација*

- Врз основа на Решение бр. 08-277/2 од 21.09.2020, формиран е Стручен тим за вршење увид во постојната состојба на недвижно добро – **Куќа на ул. Климент Охридски бр. 1 во Велес (КП 8862 КО Велес).** Изработен е Извештај со дадено стручно мислење за преземање на понатамошни заштитни мерки на куќата;

- Врз основа на Решение 08-247/3 од 15.09.2020 - извршен е увид во постојната состојба на евидентирано недвижно добро – црква ***Успение на Пресвета Богородица* во село Леуново,** *Општина Маврово и Ростуша*. Изработен е извештај;

- На ***Барање за итно постапување*** доставено од страна на инспекциската служба при Управата за заштита на културното наследство - извршен е увид во состојбата на недвижното културно добро ***„Мост на река Пена“, Тетово***, заштитено добро *загрозено со градежни интервенции извршени на еден дел од конструкцијата* од страна на ЕВН при реализација на инфраструктурен проект.





*Дадено е стручно мислење со оценка на извршените градежни зафати со предлог конкретни мерки за идни постапувања со цел враќање на преобитната состојба на делот од мостовската конструкција*

---

- Извршен е увид во постојната состојба на **„Стар камен мост“ на река Бабуна, во с. *Богомила***, *општина Чашка* (за потребите на изработка на Елаборат за ревалоризација беше извршен теренски увид за утврдување на состојбата, степенот на зачуваност/оштетеност на мостот и неговото непосредно опкружување со цел одредување на границите на заштитеното подрачје);

- Врз основа на барање поднесено од страна на имател/сопственик на заштитено културно добро, од страна на стручен тим формиран со Решение бр. 08-308/2 од 21.10.2020 г. извршен е увид во постојната состојба на ***три куќи кои се дел од рурална споменичка целина во с. Кичиница,*** *Општина Маврово и Ростуше*. Изготвен е Извештај со оценка за актуелна физичка состојба на објектите и даден е предлог за понатамошни заштитни мерки;

- Врз основа на Барање од страна на Министерството за култура - извршен е увид во постојната состојба на манастирскиот комплекс и црквата ***Успение на Пресвета Богородица во Матејче***. Врз основа на доставениот Предлог за прогласување на културно наследство во опасност, од страна на Управата донесено е *Решение* за прогласување на манастирот Матејче во *категорија културно наследство во опасност*;

- Врз основа на Барање од страна на Министерството за култура, извршен е стручен увид и дадено е мислење за новонастанатата состојба на ***ѕидното сликарство во црквата Св. Јоаким Осоговски во Осоговскиот манастирски комплекс***, *Општина Крива Паланка;*

- Од страна на стручен тим извршен е увид во постојната состојба на заштитено недвижно добро - ***Куќа на ул. „Вера Циривири Трена“ бр. 21 - Куќа на Апасиеви (поранешна улица Петар Михов бр. 3) во Велес***, со цел изработка на *Предлог за прогласување на културно наследство во опасност.*



*Предлогот со прелиминарна предмер - пресметка за превентивни интервенции кај најкритичните делови од бондручните површини на куќата е доставен до Управата за заштита на културното наследство на понатамошна управна постапка - донесување Решение за прогласување н културно наследство во опасност.*

---

- Од страна на стручен тим, а врз основа на Решение бр.08-353/1 од 16.12.2020 год.) извршен е увид во постојната состојба на ***комплексот од пет (5) куки на ул. Јован Алабаков во Велес и нивното непосредно опкружување*** (увидот и документирањето на постојната состојба во функција на изработка на *Елаборат за валоризација на споменичка целина*);

- Со Решение бр. 08-183/2 од 25.11.2020 год. - извршен е увид во постојната состојба на недвижно добро - **куќа на ул. „Б. Стефковски“ бр.4/2** (КП 768) во **Кратово**, (*лоцирана во границите на Споменичката целина Старото градско јадро во Кратово*), *Општина Кратово*, изготвен е извештај од извршениот увид.

<u>Забелешка:</u> Покрај наведените увиди, во повеќе наврати беа вршени стручни увиди кај недвижните добра кои беа предмет на реализација на заштитни интервенции, или на конзерваторски истражувања:

- Црква „Св .Ѓорги" -Старо Нагоричане
- Црква „Св.Архангел и Михаил" во Лесновскиот манастир
- Црква „Св. Богородица" во Лешочкиот манастир и манастирскиот конак
- Црква „Св. Архангел и Михаил" во Беровскиот манастир
- Алимбегова куќа во Тетово
- Археолошкиот локалитет *Балтепе* - Тетово
- културно добро во опасност *Грофчански мост* во Кратово
- Црква „Св. Јован Претеча" - Кратово
- Црква „Св. Димитрија" - Велес
- Црква „Св Ѓорги Победоносец" - Младо Нагоричане

### 1.3 ОБРАБОТКА, ДЕПОНИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- *Активноста не е реализирана* (не се одобрени финансиски средства од страна на Министерството за култура*)*, а потребните материјали се набавени во рамките на материјални трошоци

| | |
|---|---|
| *Одобрени средства:.* | *15.000,00 денари.* |

### 1.4 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- *Активноста не е реализирана (не се одобрени потребните финансиски средства од страна на Министерството за култура).*

| | |
|---|---|
| *Одобрени средства:.* | *15.000,00 денари.* |

**1.5 ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ИКОНОСТАСНИОТ КРСТ И ДВЕТЕ ИКОНО-ВРАТИ ОД ИКОНОСТАСОТ ВО ЦРКВАТА СВ. ЃОРЃИ ПОБЕДОНОСЕЦ“ во с. Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане (III фаза)**

- Врз основа на *Решение за формирање стручен тим*, бр. 08-218/2 од 23.07.2020г., и добиеното Одобрение од УЗКН беа извршени конзерваторските истражувања на терен во функција на изработка на предметниот конзерваторскиот проект.

| | |
|---|---|
| *Степен на реализација* | ***Проектот е комплетно изработен*** *во рамките не предвидениот рок,* |
| *Образложение:* | *Проектот е доставен во Управата за заштита на културното наследство со цел формирање на Комисија за стручна контрола на истиот.* |
| *Одобрени средства* | *70.000,00 денари* |

**1.6 ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ИКОНОСТАСОТ ОД ЦРКВАТА СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА/КРСТИТЕЛ, КРАТОВО – *двокрилни резбани Царски двери и две врати за влез во проскомидијата и ѓакониконот* (II фаза)**

- Врз основа на *Решение за формирање на стручен тим* за изработка на предметниот проект (бр.08-259/2 од 25.08.2020 год.) и добиеното Одобрение за конзерваторски истражувања, првично беше извршен теренскиот дел од истражувањата во функција на изработка на конзерваторскиот проект.



*За оформување на проектот за конзервација и реставрација се направи целосна кабинетска и лабораториска обработка на теренските истражувања, како и на графичката и фото документација, се дефинира Проектната задача и се изработи конзерваторски проект.*

| | |
|---|---|
| *Степен на реализација* | ***Проектот е изработен*** *и истиот е доставен во УЗКН на понатамошна управна постапка* |
| *Образложение:* | ***Задоцнетото добивање на писмена согласност*** *од страна на имателот на доброто* ***МПЦ Кумановско-осоговска епархија*** предизвика пролонгирање на целокупната административна процедура за добивање на Одобрение за конзерваторски истражувања од УЗКН.<br>Од тие причини теренскиот дел од истражувачките работи беше завршен кон крајот на месец ноември, а изработката на проекто се пролонгира до крајот на јануари 2021. |
| *Одобрени средства* | *70.000,00 ден.* |

**1.7 ОСНОВЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТ ЗА АРХИТЕКТУРАТА НА ЦРКВАТА во с. ДАБНИШТЕ (13 век), општина Кавадарци**

- *Во изминатиот период немаше можности и услови да се организираат и комплетираат членовите од стручниот тим одговорен за дозавршување на теренските активности* во црквата во с.Дабниште (документирање на постојната состојба на црквата - премер, снимање на црквата, изработка на археолошки сонди за идентификација на темелните партии и др. дејствија).

| | |
|---|---|
| *Одобрени средства за 2020 год.* | *70.000,00 денари./се враќаат* |

1.8 **<u>Непосредна заштита</u>: КОНЗЕРВАЦИЈА НА ЦРКВАТА СВ. БОГОРОДИЦА ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР во село Лешок (Втора фаза)**

- *Програмираната динамика за реализација на работите на непосредна заштита на црквата во* целост беше пролонгирана.





*Воведувањето на рестриктивни мерки во државата имаше големо влијание врз извршување на работите кои започнаа во септември 2020г.*

| | | |
|---|---|---|
| *Изведувач:* | *Градежна фирма БАЦАК ИНЖИНЕРИНГ - Скопје (Договор бр. 05 - 422/16 од 15.12.2019 г.)* | |
| *Рок на реализација* | *Декември 2020* (позициите согласно договорните обврски не се целосно завршени до крајот на тековната година. Се планира склучување на *Анекс договор* за продолжување рокот на изведба во првиот квартал од 2021 г. | |
| *Образложение:* | Работите *(поврзани со третман на фасадните фуги, изведба на дренажен канал со заштитен третман на темелните партии, прелокривање на* олтарната и страничните конхи со камени плочи и др.) беа реализирани со бавна динамика, со редуцирана работна сила (зарди пандемијата но и околу настанати проблеми за набавка на одредени специфични конзерваторски материјали од италијанската фирма Мапеи | |
| *Средства од 2019* | *3.000.000,00 ден. (пренесена обврска од 2019г)* | |

**<u>Забелешка</u>**: Конзерваторско-реставраторските работи на архитектурата на црквата ќе се реализираат во рамките на средствата одобрени во 2019 г., додека одобрените средства за 2020 г. во висина од 800.000,00 ден. делумно се враќаат.

На Барање на НКЦ (бр.05-200/4 од 22.10.2020год, еден дел од средствата во висина од <u>300.000,00 денари беше пренаменета</u> за реализација на **ургентни превентивни интервенции на кровниот покривач кај црквата Успение на Пресвета Богородица во манастирот Матејче** (согласно Известување од Министерството за култура за дадена согласност, бр.32-11314/2 од 05.11.2020 год.).

- ***Превентивни интервенции на црквата -*** беа извршени во првата половина на месец ноември 2020 г. и истите опфатија: *корективни мерки на оштетените опшивки од оловен лим кај кровниот покривач од црквата – третман со силиконско средство во потезите со ѕидната површина, и затварање на оштетените стакла кај транзените.*



**1.9 <u>Непосредна заштита</u>: КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ЦРКВАТА „СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ И СВ. ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ - ПУСТИНОЖИТЕЛ“ ВО ЛЕСНОВСКИОТ МАНАСТИР, с. Лесново, Пробиштип (Втора фаза)**

- *Конзерваторско-реставраторските работи на манастирската црква од <u>Првата фаза</u>* (покривачки работи на централната купола) *кои беа отпочнати кон крајот на* 2019г., истите како пренесена обврска требаше да продолжат да се извршуваат и во 2020г. Но истите не се реализирани (заради вонредната состојба во државата предизвикана од корона вирусот, доставените известувања од фирмата дека работниот кадар е во изолација, како и заради отежната набавка на оловниот лим од Р. Словенија, со образложение дека предимство во испораката имале барањата за изградба на *ковид-центрите*);

- *Тендерската постапка во однос на избор на најповолен изведувач за реализација на <u>Втората фаза</u>* (покривачки работи на помалата купола од нартексот), првично беше поништена, а истата при повторената постапка беше успешно спроведена. Јавните набавки во најголем дел се поништуваат/или се неуспешни заради незаинтересираност на градежните фирми за изведба на ваков специфичен вид на интервенции, но исто така и заради доставување на понуди со многу повисока вредност, во однос на одобрените финансиски средства од Министерството за култура,



*<u>Забелешка</u>:*

*Од страна на двете градежни фирми за реализација на Првата и Втората фаза со кои НКЦ има склучено Договор, кон крајот на декември 2020 доставија доказ/ фактура дека конечно ја набавиле потребната количина на оловен лим, но заради неповолните зимски услови се планира реализацијата на покривачките работи на црквата да се изврши во првиот квартал на 2021г.*

| | | |
|---|---|---|
| *Изведувач: II фаза* | *Градежна фирма ЛСГ БИЛДИНГ СОЛУШНС - ПОДРУЖНИЦА СКОПЈЕ* (Договор бр. 05-177/23 од 07.10.2020г) | |
| *Рок на реализација* | *Декември 2020* (<u>позициите согласно договорните обврски не се реализирани,</u> истите преку Анекс договор ќе продолжат и во текот на 2021год.) | |
| *Образложение:* | Иако е набавена потребната количина на градежен материјал – оловен лим, покривачките работи ќе отпочнат кога временските услови ќе бидат поволни за изведба на овој вид заштитни интервенции. | |
| *Одобрени средства* | *1.200.000,00 ден.* | |

**1.10. <u>Непосредна заштита</u>: КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА КОНАКОТ ВО ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР СВ. АТАНАСИЕ, с. Лешок (Втора фаза)**

- *Тендерската постапка* за избор на најповолна градежна фирма за реализација на позициите од Втората фаза *<u>успешно беше завршен дури во повторена постапка</u>*. Јавните набавки најчесто се поништуваат заради незадоволителното ниво на интерес на „големите" градежни фирми со Лиценца А за учество на тендерите, но исто така и заради доставување на понуди со многу повисока вредност, во однос на одобрените финансиски средства од Министерството за култура.




*Конструктивно зајакнување на темелните партии со а.б греди од внатрешна страна на периметралните ѕидови и попречно во средишниот дел на основата*

| | |
|---|---|
| *Изведувач: .* | *Градежна фирма ЕУРОВИА од с. Желино (Договор бр. 05-189/23 од 12.11.2020г)* |
| *Рок на реализација* | *Декември 2020* (позициите согласно договорните обврски се целосно завршени, но заради непредвидливи/дополнителни позиции истите преку Анекс договор ќе продолжат и во текот на 2021год.) |
| *Образложение:* | *Иако работите се отпочнати со задоцнување (втора половина на ноември), истите во најголем дел се реализирани, но заради неповолни зимски услови одредени позиции поврзани со бетонски работи ќе бидат пролонгирани за првото тромесечје од 2021 год.* |
| *Одобрени средства* | *2.000.000,00 ден.* |

## 1.11. <u>Непосредна заштита</u>: КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ЦРКВАТА СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ ВО МАНАСТИРОТ СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ ВО БЕРОВО

- *Тендерската постапка* за избор на најповолна градежна фирма за реализација на позициите согласно конзерваторскиот проект *<u>успешно беше завршена во текот на месец август</u>* .





| | |
|---|---|
| *Изведувач:* | *Градежна фирма ТУРБОИНЖИНЕРИНГ Скопје (Договор бр. 05 - 05-173/12 од 18.08.2020 год.)* |
| *Рок на реализација* | *25 декември 2020г.* - Реализацијата на позициите согласно договорните обврски **<u>целосно се завршени</u>** (но за дополнителните работи преку Анекс договор ќе се продолжи рокот на изведба). |

| | | |
|---|---|---|
| *Образложение:* | *Заради појавата на непредвидливи позиции и утврдената неопходност од нивна реализација се одреди дополнителна временска рамка за нивно завршување/комплетирање.* | |
| *Одобрени средства* | 3.400.000,00 ден. | |

**1.12** **<u>Непосредна заштита</u>: КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА НА КАМБАНАРИЈАТА и ЦРКВАТА СВ. НИКОЛА во с. Пласница, општина Пласница, *Втора фаза***

- Заради неуспешно спроведен тендер во 2019 год. за реализација на Првата фаза), беше доставен допис до Министерството за култура (Барање бр.05-200/2 од 04.08.2020год) за добивање согласност за пренамена на средствата од Втората фаза за реализација на позициите од Првата фаза.
  *<u>Забелешка:</u>* Повратниот одговор од страна на Министерството за култура за одобрување на ваквата пренамена пристигна со повеќемесечно задоцнување (Известување бр.32013/3 од 02.12.2020г), со што беше оневозможено започнување на тендерска постапка за овој проект во тековната 2020г)

| | |
|---|---|
| *Одобрени средства* | 1.421.608,00 денари /нереализирани |

**1.13** **<u>Непосредна заштита</u>: ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ЅИДНОТО СЛИКАРСТВО НА МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА „СВЕТИ ДИМИТРИЈА", Под Кале, Велес**

- *Конзерваторско - реставраторските интервенции на ѕидното сликарство во црквата* ***<u>се реализирани во текот на месец октомври</u>***, од страна на стручен тим формиран со Решение од НУ НКЦ Скопје (Работите се извршени во рамките на одобрените средства во висина од 250.000,00 ден).

**1.14** **<u>Непосредна заштита</u>: КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА И САНАЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ТЕТОВСКО КАЛЕ - БАЛТЕПЕ - IV фаза**

- ***Завршена е четвртата фаза*** *од заштитните интервенции на влезната партија - Стражарница 2 кај археолошкиот локалитет.* Реализацијата опфати времено потпирање на сводестата конструкција со вертикални подупирачи и греди, а кај страничните масивни ѕидови од камен беше спроведена инјектирачка постапка.





*<u>Забелешка:</u>*

*Заради нарушена конструктивна стабилност на камената ѕидарија од сводната конструкција, работите треба да продолжат и во 2021 г., со цел да се изврши негова конструктивна консолидација.*

| | | |
|---|---|---|
| *Изведувач: .* | *Градежна фирма СИНТЕК СПЕЦИФИК ДОО Скопје (Договор бр. 05-171/12 од 18.08.2020 год.)* | |
| *Рок на реализација* | *Октомври/Ноември 2020г. (позициите се завршени во предвидениот рок)* | |
| *Образложение:* | / | |
| *Одобрени средства* | 363.947,00 денари | |

**1.15 Непосредна заштита: КОНЗЕРВАЦИЈА, РЕСТАВРАЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНОТО НЕДВИЖНО ДОБРО „АЛИМ-БЕГОВА КУЌА“, Тетово (фаза Електротехничка инсталација - втор дел; фаза Машинство; фаза Водовод и канализација; фаза ППЗ)**

- Во рамките на одобрените средства од МК, **завршени се работите** поврзани со реализација на фазните проекти *Машинство и Водовод и канализација* (а по претходно спроведена тендерска постапка во два наврати).

| | | |
|---|---|---|
| *Изведувач:* | *Градежна фирма ЕУРОВИА, с. Желино Тетово* | |
| *Рок на реализација* | *Ноември/Декември 2020* (завршено во предвидениот рок) | |
| *Образложение:* | / | |
| *Одобрени средства* | 1.602.022,00 денари | |

**1.16 Непосредна заштита: ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ИДНОТО СЛИКАРСТВО ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ЃОРЃИ ПОБЕДОНОСЕЦ, во с. Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане**

- *Првата фаза од Конзерваторско-реставраторските работи на ѕидното сликарство во црквата* ***беа реализирани и завршени во текот на месец декември,*** од страна на стручен тим формиран со Решение од НУ НКЦ Скопје (работите беа реализирани во рамките на одобрените средства од МК во висина од 300.000,00 ден)

**1.17 Непосредна заштита: ПРОЕКТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ИКОНОСТАСОТ ОД ЦРКВАТА „СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА/КРСТИТЕЛ“** Кратово - иконостасна и гредна конструкција на 8 (осум) престолни икони (I фаза)

- Конзерваторско – реставраторските работи иако претставуваат пренесена обврска од 2019 година, ***истите не се реализирани ниту во 2020 година, заради недобиена согласност*** *од страна на надлежната Кумановско - осоговска епархија. Имено, имателот на културното добро не достави повратен одговор на поднесеното* ***Барање*** за добивање писмена согласност /одобрение од нивна страна *(НКЦ-Скопје, допис со арх.бр.08-297/1 од 01.10.2020г)*.

| | |
|---|---|
| *Нереализирани средтва* | 60.000,00 денари |

**1.18 Непосредна заштита: РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ИКОНОПИСОТ ОД ПОСТ-ВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД (16-18 век) во регионот на Велес (Повардариска епархија)**

- Врз основа на поднесеното *Барање со арх.* бр 05-200/1 од 30.06.2020г., *до Министерството за култура - Сектор за заштита на културното наследство* за пренамена на финансиските средства (наместо за непосредна заштита, истите да бидат употребени за изработка на конзерваторски проект), добиена е писмена с*огласност* од нивна страна (Известување бр. 28-7259/3 од 20.10.2020г).

| | |
|---|---|
| Согласност за пренамена | *Изработка на Проект за конзервација и реставрација на иконописот од Пост-византискиот период (16-18 век) во регионот на Велес (Повардариска епархија)* |
| Степен на реализација | *во завршна фаза е кабинетскиот дел и лабораториската обработка(изработка на графичка и фото документација (до крај на февруари 2021година)* |
| Образложение: | *Заради задоцнетото писмено одобрување за пренамена на средствата, теренскиот дел од конзерваторските истражувања беа извршени во месец ноември.* |
| Одобрени средства | *60.000,00 денари* |

***

**ПРЕНЕСЕНА ОБВРСКА ОД 2019 ГОДИНА**

### 1.19 <u>Превентивни интервенции на недвижно културно добро во опасност</u>: ГРОФЧАНСКИ МОСТ - КРАТОВО

| | |
|---|---|
| *Изведувач:* | *Завод за испитување на материјали Скопје (ЗИМ)* *Договор бр. 05 - 293/11 од 27.10.2020* |
| *Рок на реализација* | *Декември 2020 г.* (работите се отпочнати, но истите не се завршени во предвидениот рок, склучен е Анекс договор за нивно целосно завршување) |
| *Образложение:* | *Заради лошите временски услови работите ќе се реализираат во месец март 2021* |
| *Одобрени средства* | 572.589,00 денари |



*до крајот на извештајниот период беше започната само една позиција од предвидените интервенции - враќање/повторно вградување на отпаднати фасадни камени блокови кај еден сегмент на столбот од големиот лак.*

## 2.0 СТРУЧНИ РАБОТИ ПО ЗАКОНСКА ОСНОВА

- Покрај реализацијата на проектите од Годишната програма за работа за 2020 г. стручните лица од НУ НКЦ- Скопје, беа ангажирани врз основа на матична дејност во следните видови на активности:
  - *учество во Комисии за вршење стручна контрола на конзерваторски проекти, ревизија на Елаборати за ва/ревалоризација и категоризација,*
  - *вршење Конзерваторски надзор, изработка на ЗКО, стручна помош,*
  - *лабораториски испитувања на градежни и сликарски материјали,*

- Исто така, и согласно утврдената територијална надлежност на установата се спроведуваат и низа дополнителни активности по однос на барања доставени од разни правни субјекти и физички лица, особено од аспект на:
  - *вршење увиди во граници на плански опфати за постоење на културно наследство во подрачјето на опфатот),*
  - *давање стручни мислења од доставени барања за потребите на изградба на инфраструктурни проекти,*
  - *давање мислења за бесправно изградени објекти и др.*

## 2.1 СТРУЧНА КОНТРОЛА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ

*Во извештајниот период за 2020 год., од страна на НУ НКЦ- Скопје извршени се седумнаесет (17) стручни контроли на конзерваторски проекти доставени од страна на надлежните стручни институции за заштита на културното наследство - Заводи и Музеи, Конзерваторски центри и од други правни субјекти:*

- Врз основа на Решение (бр. 08-1/2 од 08.01.2020г.) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на ***Проект за конзервација и реставрација на црквата Св. Ѓорѓи – с. Курбиново, Ресен I фаза - архитектура***,“ изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола (бр. 08-35/43 од 31.12.2019 година). Изготвен е Извештај од извршената стручна контрола,

- Врз основа на Решение бр. 08-4/2 од 09.01.2020 г. формирана е Комисија за вршење стручна контрола на проект: ***Основен проект за реконструкција на Спомен парк - куќа на Спомен костурница на КП 9190/1 за КО Куманово***, техн. бр. 1907-29, изработен од Вектор ТТ, Дооел Куманово, Изработен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Врз основа на Решение (бр. 08-100/2 од 20.02.2020 г.), извршена е стручна контрола на ***Идеен проект за дрвена настрешница во функција на деловен објект во Кратово, ул. „Јосиф Даскалов“ бб. К.П. 1057, КО Кратово,*** изработен од ДООЕЛ ПЛАНЕРИС од Куманово (техн. бр. 05/20 од февруари 2020). Изготвен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Согласно Решение бр 08-98/2 од 21.02.2020 г., формирана е Комисија за вршење на стручна контрола на „***Основен конзерваторски проект за промена на подот во црквата, поставување олтарна преграда (иконостас) и свет престол во олтарот на црквата Св. Богородица Захумска***, КП 1576 КО Трпејца, Охрид“, изготвен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид (арх.бр.13-176/1 од 13.02.2020 г.), изготвен е Извештај со кој не се одобрува реализацијата на проектот;

- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на ***Истражувачки работи и изготвување на конзерваторски проект на ентериерот и фреско-живописот во црквата Св. Димитрие во Гостивар,*** изработен од НУ Конзерваторски центар - Гостивар (бр. 0801-49/1 од 21.02.2020г.), изработен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Врз основа на Решение бр. 08-128/2 од 01.04.2020г., извршена е стручна контрола на „***Основен проект (архитектура и статика) за дрвена настрешница во функција на деловен објект на ул. „Јосиф Даскалов“ бб*** на КП 1057 КО Кратово, изработен од ДУПИ ПЛАНЕРИС ДООЕЛ од Куманово. Изработен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Формирана е Комисија за вршење стручна контрола на ***Основен проект за конзервација и реставрација на дислоцираните мозаици од археолошкиот локалитет СТОБИ,*** изработен од Национална установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби –Градско (бр. 09-86/2 од 02.04.2020), Изработен е извештај од извршената стручна контрола;

- Врз основа на Решение (доставено од УЗКН бр.08-1837/2 од 02.06.2020г.), извршена е стручна контрола на ***Проектот за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство од источната олтарна апсида *XVI век) на црквата Св. Богородица, З*летово**, изработен од НУ НКЦ Скопје (бр.08-160/1 од 04.05.2020г.). Изработен е Извештај од извршената стручна контрола

- Врз основа на Решение (бр. 08-145/2 од 24.06. 2020г.) формирана е Комисија за вршење стручна контрола на „***Основен проект за конзервација и реставрација на супструкцијата од источната половина на Ѕитта Cavea на театарот на археолошкиот локалитет Стоби“,*** изработен од НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби. Изготвен е Извештај од извршената стручна контрола со бр. 08-145/3 од 17.07.2020 год.;

- Извршена е стручна контрола на ***Проект за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во манастирската црква Св. Илија во с. Мелница,*** *Општина Прилеп* изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп (бр.09-165/2 од 22.07.2020г.). Изготвен е Извештај од извршената стручна контрола со оценка за прифаќање на проектот;

- Извршена е стручна контрола на ***Основен проект за конзервација и реставрација на куќа на ул. "Кеј 9-ти Септември" бр. 51 во Прилеп,*** изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, арх. Бр. 10-11/1 од 29.09.2020г.); Изготвен е Извештај со стручна оценка за прифаќање на проектот;

- Извршена е повторна стручна контрола (со замена на еден од членовите во Комисијата) на ***Основен проект за конзервација и реставрација на т.н Владетелска палата на археолошкиот локалитет Градиште, с. Кнежје*** кај ***Свети Николе*** или ***Билазора,*** изработен од НУ Завод и Музеј –Штип (бр.08-21/7 од 28.02.2019 г.);

- Врз основа на Решение за формирање Комисија (издадено од НУ НКЦ, бр.08-315/1 од 28.10.2020г.), извршена е стручна контрола на ***Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата на црквата Св.Спас во Скопје***, изработен од НУ Конзерваторски центар - Скопје (бр. 08-6012/8 од 19.10.2020 г.), Изготвен е извештај од извршената стручна контрола;

- Врз основа на Решение за формирање Комисија (бр.08-223/2 од 19.11.2020г.) извршена е стручна контрола на ***Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на фасади и нужна санација на кров на куќа на ул. Димитар Влахов бр.37, КП 15101 во Охрид***, изработен од НУ Завод и Музеј Охрид; Изработен е Извештај од извршената стручна контрола;

- Извршена е стручна контрола на „***Проект за конзервација и реставрација на средновековната куќа со када на археолошкиот локалитет – Тврдина, Цареви Кули во Струмица",*** изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј *Струмица;*

- Согласно издадено Решение со бр. 08-397/2 од 16.12.2020г. извршена е стручна контрола на „***Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на ѕидовите и подот на нартексот на базиликата Extra Muros" од археолошкиот локалитет Баргала,*** *Општина Карбинци*, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип;

- Извршена е стручна контрола на ***Проект за конзервација и реставрација на фасадите на објектот на ул. Наум Наумовски Борче*** **бр. 88 (КП 5391), Скопје,** изработен од НУ Конзерваторски центар Скопје;

## 2.2 ВРШЕЊЕ НА КОНЗЕРВАТОРСКИ НАДЗОР

*Од страна на стручни лица - овластени конзерватори вршен е конзерваторски надзор над реализацијата на следните конзерваторски проекти:*

- *Конзерваторски надзор над изведувањето на градежните работи за* ***темелна обнова- реконструкција на објект Коњушница во Лешочкиот манастир;***

- *Конзерваторски надзор над изведувањето на работите на непосредна заштита:* ***поставување на нов носач алуминиумско саќе на подигнатиот мозаик од нартексот на Епископска базилика во Хераклеа Линкестис - Битола;*** *Носител на Конзерваторското одобрение е НУ Завод и Музеј - Битола;*

- *Вршењето конзерваторски надзор над изведувањето* ***на конзерваторско-рставраторските работи на црквата Св. Богородица - Лешочки манастир*** продолжи и во вториот шестмесечен период;

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето на покривачки работи ***на црквата Св. Архангел Михаил - Лесновски манастир*** (вршењето надзор беше во стагнација заради немање конкретни активности на терен);

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето на работите ***на црквата Св. Ѓорѓи - Старо Нагоричане*** (во вториот извештаен период се заврши покривање на централната купола со оловен лим, конструктивно зајакнување на темелните партии во наосот на црквата и фугирање на камената ѕидарија кај зачуваните ѕидни партии од тремот; покривачките работи на црквата не се целосно завршени, продолжуваат и во 2021г.

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето *на превентивните интервенции на културното добро во опасност* - ***Грофчански мост во Кратово;***

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето на работите од четвртата фаза од **Проектот за конзервација, реставрација, санација и реконструкција на влезната партија на археолошкиот локалитет тетовско кале Балтепе во Тетово.** *Изготвен е Извештај од извршениот конзерваторски надзор за наведената фаза;*

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето на работите - ***конзервација, реставрација, санација и ревитализација на Конакот во Лешочкиот манастир, с. Лешок*** (во вториот шестмесечен период се вршеше конзерваторски надзор од втората фаза на работите, истите се завршени);

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето на конзерваторско - реставраторски работи на ***црквата Св. Архангел Михаил во Беровскиот манастир;*** (Архитектура, конструкција и електрика);

- *Конзерваторски надзор* над изведувањето на работите на непосредна заштита: ***конзервација и реставрација во ентериерот на Мехмед Ефенди-Јени џамија во Битола*** (ѕидно сликарство, дрвени, метални, мермерни, гипсени, фајансни декоративни и архитектонски елементи, мобилијар), Носител на Конзерваторското одобрение е НУ Завод и Музеј - Битола;

- *Конзерваторски надзор* над реализацијата на ***конзерваторско-реставраторски работи и конструктивно зајакнување на заштитено културно добро - некогашен Хотел Солун во Куманово,*** Носител на Конзерваторското одобрение е Општина Куманово; Работите продолжуваат и во 2021г.

- *Конзерваторски надзор* над реализацијата на работите на непосредна заштита на **Куќа на Соколови, ул. Митко Калениски бр.5 во Кратово** (куќата влегува во граници на Споменичката целина *Старо градско јадро на Кратово)*, носител на Конзерваторското одобрение е сопственикот на куќата - Васил Соколов, Работите продолжуваат и во 2021г.;

- *Конзерваторски надзор* над реализацијата на работите на непосредна заштита ***конзерваторски– реставраторски работи на делови на сценската зграда на римскиот театар во Стоби,*** *Градско* (Решение бр.08-291/2 од 17.07.2029г.). Носител на Конзерваторското одобрение е НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби, Изготвен е Периодичен Извештај, бр.08-145/8 од 28.12.2020 г.;

- Врз основа на Решение од НУ НКЦ Скопје (бр. 08-145/5 од 25.08. 2020г.) вршен е *Конзерваторски надзор над* ***изведувањето на конзерваторско-реставраторски работи на источната половина од IMA CAVEA на***

***театарот во Стоби, Градско***. Носител на Конзерваторското одобрение е НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби. Изготвен е Периодичен Извештај бр.08-145/7 од 28.12.2020 г.);

- Вршење на *конзерваторски надзор* на работите на непосредна заштита: ***конзерваторско-реставраторски работи на предмети од постојната поставка – Галерија на икони***, НУ Музеј на Р. Северна Македонија Скопје.

## 2.3 ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА/РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

- Изработка на **Елаборат за валоризација на недвижно добро, објект „Хотел 32234**Општина Куманово; Административната постапка е завршена и добиено е Решение од УЗКН за прогласување на „Хотел Солун“ за значајно културно добро;

- Врз основа на барање од УЗКН, формиран е Стручен тим за изработка на ***Елаборат за ревалоризација на недвижно културно добро - Лешочки манастир Св. Атанасие во с. Лешок, општина Теарце*** (извршен е теренски увид за документирање на постојната состојба на поединечните објекти во комплексот, изработката на Елаборатот сеуште е во тек);

- Врз основа на барање од УЗКН, формиран е Стручен тим за изработка на ***Елаборат за привремена заштита на евидентирано недвижно добро /археолошки локалитет Лешочко Кале, с. Лешок,*** општина Теарце (изработката на елаборатот не е завршена активност, потребни се дополнителни теренски снимања на локалитетот и средства за нивна реализација);

- Врз основа на Барање доставено од УЗКН, формиран е стручен тим за изработка на ***Елаборат за ревалоризација на заштитеното недвижно културно добро: Манастир Св. Архангел Михаил во Берово, КП 3806, КО Берово*** (Елаборатот, заедно со Предлог за донесување акт за прогласување на културно наследство од категорија - *значајно културно наследство* е доставен во УЗКН на понатамошна постапка - формирање на Комисија за ревизија);

- Врз основа на Барање доставено од страна на *Општина Чашка*, склучен е Договор за соработка и финансиска подршка за изработка на ***Елаборат за ревалоризација на Стар камен мост на река Бабуна, село Богомила.*** Елаборатот е комплетно изработен и заедно со Предлогот за донесување акт за прогласување на културно наследство од одредена категорија се доставени во Управата за заштита на културното наследство за спроведување на понатамошна управна постапка;

- Врз основа на Барање доставено од страна на ЛУ Музеј на Крива Паланка, склучен е Договор за соработка и финансиска подршка за изработка ***Елаборат за валоризација и категоризација на археолошки локалитет Градиште во село Градец,*** *Општина Крива Паланка* (според Решение бр. 08-299/3 од 11.11.2020г.). Елаборатот е комплетно изработен и заедно со Предлогот за донесување акт за прогласување на културно наследство од одредена категорија се доставени во Управата за заштита на културното наследство за спроведување на понатамошна управна постапка - формирање Комисија за ревизија на елаборатот. (По извршените корекции на забелешките, елаборатот повторно е доставен во УЗКН).

## 2.4 РЕВИЗИЈА НА ЕЛАБОРАТИ ЗА РЕ/ВАЛОРИЗАЦИЈА

- Врз основа на Решение издадено од Управата за заштита на културното наследство - учество во Комисија за ревизија на ***Елаборат за ревалоризација на културното добро - објект на ул. Маршал Тито бр.97 во Гевгелија***, изработен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица (бр.09-274/2 од 12.08.2020г.);

- Врз основа на Решение издадено од Управата за заштита на културното наследство - учество во Комисија за ***Ревизија на Елаборат за валоризација на Споменичка целина Љубојно***, општина Ресен.

## 2.5 ИЗРАБОТКА НА ЗАШТИТНО-КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ (ЗКО )

- Изработка на **коригирани Заштитно-конзерваторски основи (ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство за изработка на **Општ акт за село Џепиште, Општина Дебар**, основите се одобрени со решение донесено од УЗКН;

- Врз основа на Решение бр. 08-107/2 од 03.03.2020 г., формиран е стручен тим за Изработка на **Заштитно-конзерваторски основи (ЗКО**) за третман на недвижното културно наследство во границите на планскиот опфат за потребите на изработка на **Општ акт за село Беловишта, општина Јегуновце**; Изработени се ЗКО и истите со Решение се одобрени од Управата; ЗКО се изработени врз основа на Барање доставено од страна на општина Јегуновце исклучен договрор;

- Врз основа на Барање поднесено од фирмата Тајфа План - Скопје склучен е Договор за изработка на **Заштитно-конзерваторски основи (ЗКО)** со третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на **Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 7 во Дебар, Општина Дебар,** издадено е Решение бр. 08-196/8 од 19.10.2020 г. за нивна изработка. Наведените ЗКО се изработени и одобрени со Решение од УЗКН, а согласно договорните обврски се доставени до барателот.

## 2.6 ИЗДАДЕНИ СТРУЧНИ МИСЛЕЊА ПО РАЗНИ ОСНОВИ

Во рамките на извештајниот период, а врз основа на пристигнати барања беа организирани и реализирани повеќе од педесет (50) непланирани теренски увиди од страна на стручни тимови.

### *2.6.1 Мислења за постоење културно наследство во граници на плански опфати*

*За потребите на изработка на урбанистичка планска документација за ЗКО, или за потребите на изработка на инфраструктурни проекти беа извршени следните увиди:*

- Извршен е теренски увид за давање информации за постоење културно наследство во границите на планскиот опфат за изработка на Изменување и дополнување на плански документ - **Општ акт за село Црквино, Општина Велес,** изработен е Извештај со дадено стручно мислење;

- Извршен е теренски увид во границите на опфатот за изработка на ***Општ акт за населено место Горно Оризари, Општина Велес***; изработено е стручно мислење;

- Извршен е увид во границите на планскиот опфат од аспект на постоење културно наследство за потребите на изработка на ***Проект за инфраструктура за доводни цевководни од каптажи до постојни резервоари за с. Ново Село и за с. Србица, општина Кичево***, изработено е стручно мислење;

- Од страна на стручен тим извршен е увид во границите на планскиот опфат за потребите на изработка на ***Општ акт за с. Беловиште општина Јегуновце***. Изготвен е извештај во кој е дадено стручно мислење дека во границите на опфатот се наоѓа добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство, при што е констатирано дека има потреба од изработка на ЗКО;

- Врз основа на Решение бр.08-209/2 од 13.07.2020 год., извршен е увид во граници на плански опфат ***УПС за село Ресава, КО Ресава***, *Општина Кавадарци*. Изработен е извештај;

- Врз основа на Решение бр.08-202/2 од 13.07.2020 год.) извршен е стручен увид во границите на планскиот опфат за изработка на ***Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела ГП Т. на КП 8060 /2, КО Тетово*** вон гр., *Општина Тетово*. Изработен е Извештај, бр.08-202/3 од 10.11.2020 год;

- Врз основа на Решение бр. 08-215/1 од 21.07.2020 год.) извршен е стручен увид во границите на планскиот опфат за изработка на ***Локална урбанистичка планска документација за комплекс "Старо школо" со намена Б3 – култура во с. Градец, КО, Градец,*** *Општина Крива Паланка*. Изработен е Извештај бр.08-215/3 од 18.08.2020 год.);

- Врз основа на Решение бр. 08-102/2 од 04.08.2020г. - извршен е увид во границите нс планскиот опфат на ***ЛУПД за Е2-комунална супраструктура на КП 8000/1, КП 8000/2 и КП 8000/3 КО Кавадарци***, *Општина Кавадарци*;

- Врз основа на Решение бр. 08-227/2 од 18.08.2020г. – извршен е увид во граници на плански опфат за ***УПС Брушани, КО Брушани***, *Општина Кавадарци*;

- Врз основа на Решение бр.08-262/2 од 01.09.2020г. – извршен е увид во плански опфат на ***ЛУПД за А1-домување на КП 2243, 2244, 2245, 2246/1, 2246/2, 2247, 2248, 2249, 2250, 2251, 2252, КО Ваташа***, *Општина Кавадарци*;

- Врз основа на Решение бр. 08-186/3 од 02.09.2020г - извршен е ***Увид на подрачјето на плански опфат за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за А3-групно домување на КП бр. 530/1, 531, 532/1, КО Тработивиште***, *Општина Делчево*. Дадено е стручно мислење за постоење на културно наследство во границите на подрачјето на опфат;

- Врз основа на Решение бр 08-287/2 од 30.09.2020 - извршен е увид во границите на плански опфат за изработка на ***Државна урбанистичка планска документација за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија со класа на намена Е2- комунална супраструктура, на дел од КП 339/1 КО Чашка***, *Општина Чашка*; Изработен е извештај;

- Со Решение бр. 08-301/2 од 09.10.2020 г. за формирање стручен тим - извршен е увид во границите на плански опфат за изработка на ***Урбанистички проект вон опфат*** на ***Урбанистички план за формирање на градска парцела со намена Г3 - сончеви електрани (фотоволтни плантажи) на*** *КП 431/1; 431/2, 432/1, 432/2, 432/3, 432/4 на м.в Рудина*, за *КО Војшанци*, *Општина Неготино*. Изработен е Извештај во кој е дадено стручно мислење;

- Со решение бр. 08-305/2 од 19.10.2020 - извршен е увид во границите на планскиот опфат за изработка на ***Локална урбанистичка планска документација со намена Г2 – лесна незагадувачка индустрија на КП 707 и 708, КО Стрисовци,*** *Општина Пробиштип*; Изработен е Извештај и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр. 08-316/1 од 21.10.2020г. - извршен е увид на подрачјето на плански опфат на ***Архитектонско-урбанистички проект за Е2 -комунална супраструктура - сонечеви фото централи на КП 1086/18, КО Неготино, ГП бр.8 од УПВНМ за м.в Раткин дол*** за изградба на ***фотоволтаични централи на дел од КП 1086/1 КО Неготино***. Изработен е Извештај во кој е дадено стручно мислење;

- Врз основа на Решение (бр. 08-310/2 од 22.10.2020г) - Извршен е стручен увид во границите на плански опфат за изработка на ***Генерален урбанистички план (ГУП)***

***за град Крива Паланка,*** *Општина Крива Паланка*. Врз основа на извршениот увид изготвен е Извештај бр.08-310/3 од 30.10.2020 год.;

- Со Решение бр. 08-325/2 од 12.11.2020 г. - Извршен е увид во границите на плански опфат за изработка на ЛУПД ***(Локална урбанистичка планска документација) за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 4451/2, КП 4452, КП 4453, КП 4454 и КП 4455, КО Демир Капија***, *Општина Демир Капија*. Изготвен е Извештај со дадено стручно мислење;

- Со Решение бр. 08-322/2 од 12.11.2020г. - извршен е увид во границите на опфат на ***Проект за инфраструктура за поставување на СН кабли од ТС 110/20/10 Куманово 1 до постоечки СН столб на ул. Народна Револуција,*** СН Драган Стопаревиќ, *Општина Куманово*, Изработен е Извештај со дадено стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр. 08-330/2 од 30.11.2020г. - извршен е увид во подрачјето на опфат за изработка на **ДУПД** (***Државна урбанистичка планска документација) за изградба на бензиска пумпа со пратечки објекти на делови*** **од КП 171/2, 171/3, 2000/1, 2000/4 и 1995, К.О. Демир Капија**, *Општина Демир Капија.* Изготвен е Извештај со дадено стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр. 08-341/2 од 03.12.2020г. извршен е увид во граници на **АУП на КП 1282 и КП 1283 КО Пепелиште**, *Општина Неготино*;

- Со решение бр. 08-345/2 од 15.12.2020г. - извршен е увид на подрачје на опфат за изработка на ***Генерален урбанистички план за град Демир Капија***, *Општина Демир Капија.* Изработен е Извештај и дадено е стручно мислење од аспект на постоење на културно наследство во границите на урбаниот опфат и потребата од изработка на ЗКО;

- Врз основа на Барање доставено од *Урбан Гис* од Куманово за вршење увид во граници на плански опфат ***ДУП дел од УЕ Х.Т.Карпош***, *Општина Куманово*, стручен тим формиран со Решение бр. 08-335/2 од 16.12.2020г. – изврши увид во подрачјето на урбаниот опфат. Утврдено е дека се наоѓа едно заштитено недвижно добро, што значи дека за предметниот плански опфат има потреба од изработка на ЗКО.

### <u>*2.6.2 Давање Мислење за бесправно изградени објекти*</u>

*Врз основа на Барања доставени од Управата за заштита на културното наследство беа извршени (15) стручни увиди за давање Мислење за легализација на бесправно изградени објекти:*

- Врз основа на Решение, бр. 08-233/2 од 12.08.2020г. извршен е *увид во состојба* на ***бесправно изграден објект Трафостаница на КП 3186/3 КО Кратово***, *Општина Кратово*; изготвен е извештај и дадено е мислење;

- Врз основа на Решение, бр. 08-233/2 од 12.08.2020г. – извршен е *увид во состојба* на ***бесправно изграден објект Трафостаница на КП 2844/1 КО Трновац,*** *Општина Кратово* и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение, бр. 08-234/2 од 12.08.2020г. – извршен е *увид во состојба* на ***бесправно изграден објект - Трафостаница на КП 2882 КО Трновац***, *Општина Кратово* и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение, бр. 08-235/2 од 12.08.2020г. – извршен е *увид во состојба* на ***бесправно изграден објект - Трафостаница на КП 3605 КО Кратово***, *Општина Кратово* и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение, бр.08-249/2 од 25.08.2020г. – извршен е увид во постојната состојба за ***утврдување статус на бесправно изграден објект – Базна станица на КП 4502/2 КО Велес,*** *Општина Велес*, изготвен е Извештај и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение, бр.08-231/2 од 25.08.2020г.–извршен е *увид во состојба* за утврдување статус на ***бесправно изграден објект – Базна станица на КП 949/1 КО Виничани,*** *Општина Велес* и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр.08-230/2 од 25.08.2020г.- извршен е *увид* за утврдување статус на ***бесправно изграден објект – Базна станица на КП 966 КО Рудник, општина Велес,*** извршен е увид во постојната состојба и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Барање мислење доставено од УЗКН - формиран е стручен тим (Решение бр. 08-236/2 од 02.09.2020г.)- за утврдување правен статус за ***бесправно изграден објект - Трафостаница што е изградена во општина Делчево***, **на КП 5958 и КП 5959, КО Делчево**; Изготвен е Извештај и дадено е стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр. 08-244/2 од 02.09.2020г. - извршен е *увид за утврдување на правен статус на* **бесправно изграден објект (базна станица) КП 5137 на КО Разловци** во с. Разловци *Општина Делчево*;

- Врз основа на Решение бр.08-243/2 од 30.09.2020год. - *извршен е увид* за утврдување на правен статус за ***бесправно изграден објект– електронска комуникациска мрежа и средство (базна станица)***, изградена во општина Берово на КП 2362, КО Берово, од страна на стручниот тим изготвен е Извештај во кој е дадено стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр. 08-245/2 од 30.09,2020г. - извршен е *стручен увид* за утврдување на статус на ***бесправно изграден објект -Трафостаница на КП 8859 КО Виница,*** *по барање на лицето Здравко Илиев од Виница*;

- Со решение бр.08-284/3 од 12.11.2020г. формиран е стручен тим за утврдување на ***статус на бесправно изграден објект од Бојан Коцевски на ул. „Скопска“ бр.3*** (КП 1136/1, КО Кратово), *Општина Кратово*;

- Врз основа на Решение бр. 332/2 од 17.11.2020г. за утврдување статус на ***бесправно изграден објект*** – лоциран на ***ул. Ванчо Чакаров бр. 2 на КП 1473/1 КО Глишиќ***, *Кавадарци*, извршен е увид во постојната состојба и дадено е стручно мислење во однос дали за предметниот објект може да продолжи постапката за легализација;

- Врз основа на Решение бр. 328/2 од 10.12.2020г. формиран е стручен тим за утврдување статус на ***бесправно изграден објект - КП 769 КО Градец***, *Општина Виница*, извршен е увид во постојната состојба и дадено е стручно мислење;

*2.6.3 <u>Давање Мислење за определување заштитно-конзерваторски услови и по друг основ)</u>*

- Врз основа на Барање за изработка на заштитно конзерваторски услови доставено од страна на Управата за заштита на културно наследство (УП бр.08-93 од 25.02.2020г.) изработено е **Мислење за определување Заштитно-конзерваторски услови за објект на КП 1934/1 и КП 1935/1 КО Кичево 6**;

- Врз основа на доставеното **Барање на мислење** (допис доставен од Управата, бр.17-1384/6 од 24.07.2020 г.) во однос на **измени во ЗКО за УБ 2 во Дебар,** поточно за измени во Режимот на заштита за контактната зона на недвижните културни

добра: **Стар амам** на ул. „Петре Поповски“ б.б и **Куќа на Села Саќип,** на ул. „Здравко Чочковски“ бр.12 во Дебар, по извршениот преглед на доставената и постојна документација релевантна за подрачјето на опфат се даде стручно мислење;

- Врз основа на Решение бр. 08-224/2 од 28.07.2020 год. – дадено е **Мислење** за ***Елаборат за тераса со настрешница и поставување маси пред угостителски објект на КП 575 КО Кратово;***

- Согласно издадено Решение бр. 08-271/2 од 17.09.2020 г. – изработено е **Мислење** за ***Заштитно конзерваторски услови за реконструкција и надградба на објект на ул. Амет Челопечанец бр. 89 Кичево***, **КП 2140** КО Кичево 6;

- Врз основа на Барање доставено од Управата за заштита на културното наследство за определување ***Заштитно конзерваторски услови за изградба на нов конак во дворот на манастир Св. Архангел Михаил во Берово (КП 3806, 3808, 3809)***, издадено е Решение бр. 08-344/2 од 10.12.2020г. за формирање на стручен тим за давање Мислење;

- *Изработено е **Мислење** во однос на доставен предлог за дислокација на **Спомен бисти во КО Маврово и предлог решение за партерно и хортикултурно уредување на т.н. „Парк на борците“**, од страна на стручен тим со Решение бр. 08-340/2 од 14.12.2020 г.;*

- *По доставено Барање за давање **Мислење** за заштитно-конзерваторски услови* (ЗКУ) во однос на **Основен проект за уредување на просторот околу заштитеното недвижно добро Саат кула во Неготино** (КП 10637), изработен од *Глобал инжинеринг* – Битола, од страна на НУ НКЦ Скопје беше изработено мислење;

- Врз основа на доставено Барање од страна на Инспекцискиот оддел при УЗКН, за **произнесување** во однос на ***отстапувањето во делот на заштитеното недвижно добро „Мост на река Пена“,*** (а во врска со задолжувањето на ЕВН со Решение од УЗКН, ИП1 бр.12-86 од 26.10.2020 год.), стручен тим даде ***Мислење** и се **произнесе** во однос на барањето.*

## 2.7 Давање Стручна помош

Врз основа на барања, доставени од останатите сродни институции за заштита на културното наследство, беа ангажирани стручни лица за давање стручна помош - учество во *тимови за конзерваторски истражувања - во доменот на изработка на физичко-хемиски анализи, а во функција на изработка на конзерваторски проект, или непосредна заштита на движни добра:*

- *Учество во Стручен тим* (формиран од НУ Завод и Музеј Прилеп) за истражувачки работи и изработка на *Проект за конзервација и реставрација на иконостасот во црквата Св. Благовештение во Прилеп;*
- Учество во *Стручен тим* за непосредна заштита на движни добра, изведување на конзерваторско-реставраторски работи на предмети од постојаната поставка – галерија на икони во НУ Музеј на Р.С. Македонија;
- Учество во *Стручен тим за* изработка на *Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на куќата на Канчески на ул. Слободан Пепоски бр.1, КП 4973 Гостивар* (изработка анализа на малтер), Носител на проектот е НУ Конзерваторски центар Гостивар;

*Исто така, беше постапувано и по однос на конкретни барања кои се однесуваа на изработка на физичко-хемиски анализи:*

- *Анализа на малтери од архитектурата на црквата „Св.Илија“ Грнчари -Ресен*, по барање на ПУМС - Инжинеринг ДООЕЛ Битола (НКЦ арх. бр. 08-211/1 од 13.07.2020г.);
- *Анализа на примероци од деградација на стаклени предмети* (по Барање на НУ за Управување со археолошкиот локалитет Стоби, (НУ НКЦ арх. бр. 08-289/1 од 28.09/2020г.);
- *Анализа на малтери од архитектурата и сликарски материјали - за потребите* за изработка на конзерваторски проект за *архитектурата* и *ѕидното сликарство на Коџа Ахмед Ефенди џамија во Битола* (по барање на НУ ЗЗСК и Музеј Битола (НУ НКЦ арх. бр. 08-349/1 од 15.12.2020г.).

## 2.9 ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### 2.9.1 ЗАШТИТНИ - АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

*Во рамките на втората половина од 2020 година беа извршени заштитно-археолошки истражување на неколку локалитети и тоа:*

- Врз основа на Барање доставено од *Јавно претпријатие за државни патишта* (ЈПДП), склучен е Договор за вршење заштитно-археолошко истражување на три локалитети: **„Дрвенџиско Маало“, „Циндаровце“ и „Меѓу Друмје“,** дел од траса за **изградба на експресен пат А2, делница Крива Паланка - Ранковце.** Истражувачките работи се извршени врз основа на Дозвола издадена од УЗКН и Решение донесено од НУ НКЦ - Скопје (Измена на Решение за формирање стручен тим, бр.08-39/41 од 21.07.2020г.).
  Изготвен е Извештај од извршеното сондажно истражување, бр.08-39/69 од 05.11.2020г. и истиот е доставен до УЗКН и инвеститорот;




*Локалитет*
***Дервенџиско маало***




*Локалитет*
***Циндаровце***




*Локалитет*
***Меѓу Друмје**, с. Ветуница*

- Врз основа на склучен Договор со *Јавно претпријатие за државни патишта* (ЈПДП) извршени се заштитни археолошки истражувања на два локалитети:

➢ Археолошки локалитет; „**Пржалка**", **с. Сирково**, ***Општина Росоман,*** до поранешнета селска задруга, на позиција на потег Север - Југ, простор на кој е поставена линијата на движење на *трасата за изградба на* ***експресниот пат А1 Градско - Прилеп*** *(извршени се во период од 27.07-03.10.2020 г.)*





---

➢ Археолошки локалитет „**Градиште**", **с. Чичево**, *Општина Градско (во периодот 13.11 - 18.12.2020 г.).*

Работите се извршени согласно *Дозвола* издадена од УЗКН и Решение за формирање стручен тим за извршување на истражувачките работи (бр. 08-69/5 од 23.07.2020г.). Изготвен е финален извештај од извршените археолошки истражувања и истиот е доставен во УЗКН и до инвеститорот (ЈПДП).





---

## 3.0 ДРУГИ АКТИВНОСТИ/АНГАЖМАНИ НА СТРУЧНИ ЛИЦА:

### *3.1 Учество во Работни групи / Комисии и др. стручни тела*

- Учество на стручни лица во Стручен тим за изработка на **Нацрт – Правилник за измени и дополнувања** на ***Правилникот за валоризација, ревалоризација и категоризација на културното наследство*** (Стручниот тим е формиран од страна на Управата за заштита на културното наследство во соработка со Министерството за култура);

- Учество во Стручен тим за изработка на измени и дополнување на ***Правилникот за изработка на ЗКО*** за третман на недвижното културно наследство во планската документација (Стручниот тим е формиран од страна на Управата за заштита на културното наследство во соработка со Министерството за култура);

- Врз основа на Решение донесено од НУ НКЦ - Скопје (бр. 01-319/2 од 29.10.2020) формирана е ***Работна група*** за давање **мислење** на *Нацрт Правилник за валоризација, ревалоризација и категоризација на културното наследство.* Работната група издаде свое мислење со бр. 01-319/3 од 10.11.2020 г.;

- Учество на повеќе стручни лица во ***Рецензионата комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања*** *во областа на заштитата на културното наследство* (формирана од Министерството за култура);

- Учество на претставник од НУ НКЦ Скопје на *Online состанокот* преку Zoom платформата, организиран на 17.12.2020г од страна на ***Советот на Европа со помош на КЕА Агеницијата на Белгија и Министерството за култура*** кој спроведува проект за ***Ревизија на културните политики на Р.С. Македонија***;

- Учество во ***Работна група*** за изработка на ***Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство (2021-2026***), формирана со Решение од Управата за заштита на културното наследство, во соработка со Министерството за култура;

- Учество на претставници од НУ НКЦ Скопје на Online обука преку Zoom платформата во рамките на меѓународен проект: ***„Знаење, заштита и истакнување на старите градски јадра во Република Албанија и Република Северна Македонија“*** спроведуван и во организација од страна на Француската Национална асоцијација Sites&Cities.

## 4.0 Други работи во согласност со закон

### 4.1 Нормативно-правни акти

- Донесен е Правилник за систематизација на работните места на вработените во НУ НКЦ Скопје и Правилник за внатрешна организација на НУ НКЦ Скопје;
- Изготвен е Годишен план за јавни набавки;
- Спроведени се вкупно 15 јавни набавки, од кои 10 успешни и 5 се поништени;
- Одржани се вкупно 6 седници на Управниот одбор;
- Секојдневно се изработувани решенија, одлуки од секаков вид и др.акти;
- Вршена е постојана кореспонденција од секаков вид со други државни органи и институции од земјата (Министерство за култура, УЗКН, Агенции, Конзерваторски центри, Заводи и музеи, локална самоуправа и др.).
- Од страна на НУ НКЦ –Скопје, на 21.12.2020г. објавен е Јавен оглас за вработување на три (3) лица -даватели на услуги за работно место: стручен работник за архитектонско наследство, конзерватор (1 извршител), соработник за меѓународна соработка (-1 извршител) и едно (1) помошно-техничко лице; хигиеничар;
- Преку *Агенцијата за вработување* на 26.12.2020 г. објавен е оглас за вработување на три (3) административни лица во НУ НКЦ Скопје: правник сметководител и технички секретар.

### 4.2 Судски предмети

- ***Вратени се средства од добиена судска пресуда*** во врска со повеќегодишниот судски процес во правната работа на тужителот РМ Национална установа Национален конзерваторски центар - Скопје против тужените Јордан Транталовски и Бојана Транталовска, двајцата од Ресен, за стекнување без основ вредност од 5.579.803,00 денари, а решавајќи по жалбата на тужените против пресудата на Основниот суд Битола П4-40/19 од 06.07.2020г., поправана со Решение П4-40/19 од 14.07.2020год., АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, на седницата одржана на ден 10.11.2020 година донесе ПРЕСУДА (ГЖ- 1059/20) дека Жалбата на тужените, СЕ ОДБИВА како неоснована.

### 4.3. Финансиско-сметководствени работи

- Изготвен е Извештај за финансиското работење на НКЦ за 2020 година и истиот е доставен до Управниот одбор, заедно со завршните сметки за 2020 година, за буџетската, донаторската и сметката за сопствени приходи.
- Изготвувани се месечни финансиски планови.
- На неделно ниво се вршени уплати и исплати од сметките на НУ НКЦ -Скопје,
- Редовно се подготвувани документи за пресметување и исплаќање на платите на вработените.
- Вршена е континуирана набавка на потребните канцелариски материјали, нивно дистрибуирање до вработените лица.

### 4.4 Општи работи

- Во архивата на НУ НКЦ –Скопје до крајот на годината се заведени 370 основни архивски броеви и 1590 подброеви, вкупно 1960 броеви.
- Во доставната книга за фактури се впишани 328 влезни фактури и 9 излезни фактури.
- Отворени се 306 налози за службено патување и 101 налог за теренска работа.

**Д И Р Е К Т О Р,**

М-р Мемет СЕЛМАНИ

Mr.sc Memet SELMANI